МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

## ПРОГРАМА ЗА ПРОЕКТНА АКТИВНОСТ

# МИР, ТОЛЕРАНЦИЈА И ЗАШТИТА

Скопје, 2005 година

# 1. Вовед

Проектните активности се новина во образовниот систем на Република Македонија, кои за првпат се воведени со реформата на гимназиското образование од 2003/4 година, а од оваа учебна година 2005/6 година се како една од можностите за реализација во делот од Наставниот план- Слободни часови во стручните училишта.

Потребата за осовременување на образованието, односно вклучување на ученикот во истражувачка работа и можност да ги искаже своите знаења, потреби и интерес, претставуваат нова воспитно-образовна активност, нов начин на работа на ученикот и наставникот, поинакова комуникација и соработка. Проектните активности се и во функција на подготовка на ученикот за изработка на проектната задача од матурскиот испит, вклучување во современите системи на школување во високото образование или секојдневниот живот.

**Проектните активности по мир, толеранција и заштита**

Значењето за проучување на проектните активности од Мир, толеранција и заштита произлегуваат од следнните аспекти:

- Содржините произлегуваат и кореспондираат со општествените промени, следејки ги интегративните процеси во Европа и пошироко и развојот на мирот како универзална вредност.
- Содржите и темите од областа на загрозувањата и ризиците во современиот свет, превенција, заштита и безбедност, темелните вредности на Македонија, Цивилната заштита и Македонија во однос со Меѓународната заедница со посебен акцент на заложбата за мир и ненасилство.
- Со проучување и истражување на овие содржини се овозможува ученикот да стекне одредени знаења, ставови и развие култра да дејствува како миротворна и интегративна личност во демократските процеси на Република Македонија.
- **Областите и темите** потекнуваат од програмското содржинското јадро на Натавната програма: Мир толеранција и заштита, усвоена од Министерството за образование, решение бр. 07-4556/2, од 30. 07. 2003 г. Содржините се групирани и програмирани така да се усогласени според возраста, потребата, можностите и интересот на учениците .
  Тие се проектирани како линеарен распоред на наставниот материјал, но со можност за концентрично проширување и продлабочување.

Секоја проект трба да ги содржи следните елементи (структура на проектната активност):

- **Можни проектни активности и содржини**
- **Цели - општа и посебни цели**
- **Проектни активности (фази на реализација)**
- **Начин на организација и реализација на проектните активности**
- **Услови за реализација на проектните активности**
- **Согледувања од реализацијата**

- Планирањето на проектната активност од страна на наставникот треба да биде флексибилно и прилагодено на истражувачката работа на учениците. Наставникот прави планирање за 30 часа во училиштето, кои ги распоредува во текот на реализирањето на целата учебна година и за другите 40 часа кои ученикот ги реализира самостојно, но постојано го следи, работи со него и ги бележи неговите активности. Ученикот води свое Ученичко досие - портфолио во кое ги бележи своите активности. Доколку ученикот не ја реализира соодветно својата избрана проектна активност, значи не реализирал програма од делот Слободни часови за училиштето, кој треба да му се овозможи до почетокот на наредната учебна година да ја реализира проектната активност, која понатаму се евидентира во педагошката документација, свидетелство.
- Истражувачка работа на ученикот, воведување во методологија на истражувањето, избор, презентација на одбрана и актуелна тема во согласност со нивната желба , афинитет и способност. На тој начин се поттикнува креативноста, индивидуалното творење и изразување на ученикот и оспособување за самостојна работа или тимска работа на проекти.
- Ученикот има можност да ги открие своите потенцијали и талент кон определена област или подрачје, да ги искаже знаењата, истите да ги продлабочи, прошири и примени како и да го согледа успехот и задоволството од реализацијата на проектната активност.
- Ученикот се воведува во самостојна истражувачка работа, со користење литература, интернет и други извори на сознанија.
- На тој начин ги задоволува и развива културните потреби во средината во која се школува во локалната средина и надвор од нив. Ја развива комуникацијата на релација наставник - ученик на нов начин каде наставникот е во улога на ментор. Кај ученикот се оформуваат и јакнат позитивните карактеристики на личноста како што се: самодовербата, волјата, издржливоста, принципиелноста и сл.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

### 2.1 Општи цели

**Ученикот :**

- *да стекне знаења и умеења, за промовирање култура на мирот, и дејствува како миротворна и интегрирана личност во демократските процеси на Република Македонија;*
- *да се оспособи за поширока комуникација, носител на трансформацијата на односите во општеството, да се залага против оттуѓувањето, дезинтеграцијата и деградацијата од секој облик; да ги сфати универзалните и демократските вредности, да развива способност за лична и општествена одговорност и нивно почитување;*
- *да се оспособи за акција за лична и колективна заштита и безбедност;*

- ***упатување и оспособување на младиот човек за истражувачка работа, изработка на проект низ сите фази од планирање до презентирање на приказ од истражувањето.***

## 2.2. Конкретни цели

Со реализацијата на конкретните(посебни) цели на проектната активност ученикот треба:

- да помине низ обука за изработување на проекти од областта на мирот, заштитата и толеранцијата;
- да стекне основни знаења за мирот, културата на мирот, аспектите на негативниот и позитивниот мир за негово творење и одржување;
- да формира позитивен однос кон татковината, универзалните и демократските вредности;
- да ги познава меѓународните процеси за зачувување на мирот;
- да го знае местото и улогата на РМ во светските интегративни процеси;
- да развие одговорност за почитување на националниот дигнитет и другите вредности;
- да умее да ги почитува и применува сопствените права и слободи како и правата и слободите на другите;
- да стекне основни знаења и способности за миротворство и мировна акција;
- да развие свест и одговорност за сопствениот однос кон насилството и неправдата како и одговорност кон другите, во општествените релации;
- да развие способност за акција во процес на промени кои се дел од односите помеѓу индивидуите, групите, општествената и меѓународната заедница;
- да развие способност за возобновување на нарушени релации помеѓу индивидуите, групите и заедниците;
- да стекне основни знаења за заканите и ризиците кои го загрозуваат мирот;
- да развива лична способност за превенција и заштита од закани и ризици;
- да стекне знаења за различни манифестации на насилството од перосналнo до глобално ниво (војна и вооружен конфликт);
- да развие свест и способност за превенцијата на насилството и ненасилна трансформација на конфликтите;
- да стекне знаења за поставеноста на меѓународниот систем во однос на одржувањето на мирот и безбедноста;
- да ја осознае улогата и позицијата на државата во зачувување и гарантирање на мирот и безбедноста на индивидуално, национално и меѓународно ниво;
- да стекне знаења и способности за примена на мерки за лична и колетивна заштита и да учествува во цивилната заштита;
- да ги пренесува стекнатите знаења и да ги применува способностите во другите наставни содржини во рамките на цивилното образование;
- да се оспособи за истражување и работа на проекти.

# 3. ОБЛАСТИ И ТЕМИ

## 3.1 ОБЛАСТ : ЗАГРОЗУВАЊА И РИЗИЦИ

# Теми и содржини

## ЗАГРОЗУВАЊА И РИЗИЦИ

### Извори и облици на загрозувања

**1.Општествени загрозувања:**
- конфликти и разрешување, војна, криминал
- социопатолошки појави, разни видови зависности и заштита од нив,
- тероризам и закани за меѓународниот мир и безбедност
- закани за националниот мир и безбедност

**2. Природни загрозувања**
- земјотреси, поплави, суши, град,снежни лавини, одрони исл.

**3. Техничко-технолошки загрозувања**
- пожари,превенција и заштита
- нуклеарни, хемиски и биолошки хаварии, контаминација, радијација, епидемии,последици и заштит
- загадувања: вода, воздух и почва.

## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

Преку истражувањето на оваа област ученикот трба да ги постигне следните цели:

- да ги **познава, разликува и дефинира:** различните видови и појави на закани и ризици: војна, меѓународен конфликт, меѓународен тероризам; заканите за индивидуалната и националната безбедност;
- да ги **открива и анализира**

причините за конфликтите и пристапите за справување:
превенција, решавање и **трансформација** на конфликтите;
- да ги **познава и опишува** видовите на: тероризам и криминално однесување; и начините на **справување** со нив на национално и меѓународно ниво.
- да ги познава и разликува природ-ните загрозувања и ризици, да делува и постапува соодветно во дадена ситуација за лична заштита и заштита на природната средина.
- да **делува** превентивно за лична заштита и заштита на природната средина од загрозување и деградација;
- да се оспособи за самоиницијативни и самостојни истражувања на состојбите во таа област;
- да изнаоѓа и прави компаративна анализа на егзактни квантитативни параметри;
- да постапува правило во дадената ситуација за превенција и заштита од овој вид загрозување.

# Активности

Активностите се организираат и реализираат во соработка со учениците, се договараат за тип и вид на активности кои соодветствуваат со условите што ги поседува училиштето.
Активностите може да бидат како работилници, кабинетски и теренски. Кабинетските се реализираат, по правило, во училиштето при што се користат: табла, пано, шеми кои ги опишуваат загрозувањата (видео/ЦД РОМ), и текстови кои се основ за истражувања, дебати и дискусии, графоскоп, компјутер, работни листови и прирачна литература и сл.
Теренските активности се во договор со учениците, по можност надвор од училиштето со самостојно испитување и истражување на актуелната тема. Теренските (практични) активности ќе подразбираат симулации на кризни ситуации и постапка при истите.
Препорачливо е да направи имитација на повеќе видови загрозувања и ризици (симулација) која може да се работи во повеќе групи и да се презентира пред училиштето или локалната средина.
Информативно може да се користи информатичкиот кабинет за водење на мини проекти со други училишта од земјата и од регионот преку интернет. Може да се направи посета на Министерство за одбрана и негови структури, Цивилната заштита- Дирекција за заштита и спасување, МВР, МНО, Институт за одбранбени и мировни студии, ИЗИС, невладини организации и соработка со стручни експерти од наведените области и институции.
Користење на разни меѓународни документи од обласа на заканите и ризиците, превенција и заштита од истите.
Истражувачки активности од обласа на загадувањата
*.Наставникот се договара со учениците за активностите кои ќе се реализираат како проекти.*

## Можни наслови за проекти од обласа: Загрозувања и ризици

- Најголемите природни катастрофи во светот
- Земјотресите и последиците од нив кај нас
- Поплави и заштита од нив
- Суша, постои ли заштита
- Последици и заштита од пожарите во природата
- Опасноста по РМ од нуклеарни хаварии во опкружувањето
- Опасност по градот од хемиски хаварии
- Контаминации
- Штетното дејство на радијацијата
- Епидемии (последици и заштита)
- Загадувања:
- води-Вардар,
- воздух-Велес,
- почва-Скопје
- Како да се намали бројот на сообраќајните несреќи
- Криминално однесување на младите
- Организиран криминал
- Социопатолошки појави и младите(од аспект на општ.закани и ризици)
- Зависности и нивно сузбивање:- наркоманија, алкохолизам, пушење исл
- Трговија со луѓе, самоубиства...
- Мир : позитивен-негативен
- Локален тероризам и глобален тероризам

*Препорака:*
Наставникот во договор со ученикот го утврдува насловот на проектот како обемот, начинот, условите, местото и сл.

- Улогата на ООН во зачувување на мирот,Структура на ООН
- Улогата на Советот за Безбедност- ЕУ - од идеја до реалност- ОБСЕ -гарант на безбедноста- НАТО - настанок и негова трансформација- Република Македонија во НАТО

## 3.2 ОБЛАСТ : ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ НА НАШАТА ЗЕМЈА

## Теми и содржини

### ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ НА НАШАТА ЗЕМЈА

- Суверенит ет и територијален интегритет
- Правата и слободите на граѓаните Владеење на правото
- Демократијата и политичкиот плурализам
- Слободата на пазарот и претприемништво
- Другите темелни вредности на уставниот поредок

### КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

**Преку истражувањето на теми од оваа област учениците треба:**
- да ги познава темелните вредности на земјата;
- да го знае за суверенитет и територијален интегритет на РМ и нивното значење;
- да го развива чувството и потребата за нивно негување и чување;
- да ги воочува појавите на нивно загрозување;
- да ги знае и применува основните права и слободи на човекот и граѓанинот;
- да знае да практикува и развива однос на меѓуетничка и меѓуконфесионална толеранција
- да ги знае и почитува правата и слободите на другите;
- да развива патриотско и чувство на припадност на нацијата и заедничка татковина на сите што живеат во неа;
- да развива на способност да се почитуваат правата и слободите на другите индивидуи и групи и правото на различност;
- да ги познава другите темелни вредности и јакне свест за нивната поврзаност и неопходност сите заедно да се негуваат и унапредуваат.

### АКТИВНОСТИ

Активностите се реализираат како кабинетски, во училиштето, надвор од него со посета на одредени институции кои работат и се поврзани со содржините и областите кои се реализираат.
За реализирање на активностите се користат: Уставот на РМ, карти, шеми, компјутер за истражувачки проекти и поврзување со други училишта од Републиката и југоисточноевропскиот регион. Ќе се организираат работилници и вежби со: дебати, дискусии, есеи, работни листови и сл.
Учениците за самостојна истражувачка работа ќе бидат насочувани да се соработуваат со невладини, меѓународни и други институции од системот кои работат на истата проблематика и област.

## Можни наслови за проекти од областа: Темелни вредности на нашата земја

**Препорака:**
Наставникот во договор со ученикот го утврдува насловот на проектот како и обемот и начинот на работа.

- Процесот на осамостојување на РМ
- Загрозување на суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ
- Права и слободи на граѓанинот, нивно загрозување и заштита
- Декларација за правата на детето
- Владеење на правото
- Демократијата и плурализмот денес
- Други темелни вредности за секоја - соодветна тема по избор на ученикот

# 3.3 ОБЛАСТ: ЦИВИЛНА ОДБРАНА И КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ

## Теми и содржини

### ПОСТАПКА СО ПОВРЕДЕНИ ( во случај на вонредни непогоди и сл. )

- **Елементи на физички и психолошки менаџмент на вонредни ситуации во училиштето:** елементарни , природни и други непогоди
- Превенција, подготвеност и спремност ( начела) со вежбовни активности
- Приод и утврдување на состојбата на повредениот, реанимација,запирање на крварење, згрижување на скршеници
- Згрижување на изгореници
- Постапка со давеници и повредени при струен удар
- Извлекување, транспорт и нега на повредениот
- Противпожарна заштита
- Стрелачки активности ( воздушна пушка)

### КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

**Преку истражувањето на теми од оваа област учениците треба:**
- да се оспособи за превенција и заштита во вонредни ситуации
- да се запознае со изработката на средства за лична заштита (импровизирани средства);
- да се запознае со мерките и постапките за заштита (лична и колективна заштита);
- посебно оспособување за правилен пристап кон деконтаминација;
- да знае сигурно да пристапува кон повредениот и одлучно да се однесува во таквите ситуации спречувајќи го секој неправилен и опасен пристап;
- да може да даде прва медицинска помош и самопош во сите случаи на повреди и загрозувања;
- да умее правилно да постапи при скршеници;
- да е оспособен за постапка при изгореници;
- да знае правилно да ги употребува личниот комплет за заштита на граѓаните и други расположиви средства погодни за давање помош.

## АКТИВНОСТИ

Активностите од обласла на Цивилната заштита - хуманитарните мерки за заштита и од првата медицинска помош се реализираат како работилници кои може да бидат кабинетски и теренски.
Одредени активности се реализираат во училиштето, се користат расположливите услови и средства. Можат да се позајмат одредени средства (од цивилната заштита, ПП служба, Црвениот крст) за симулација на одредена опасност и средства за отстранување на последиците или пак користење на одредени објекти (скривници) и средства за лична заштита.
Одредени активности можат е да се планираат во соработка со локалната заедница, други училишта и институции надлежни и одговорни за овие области.
Учениците правилно се насочуваат кон содржините и местата за нивната самостојна истражувачка работа.
Индивидуално, во парови или групно учениците вршат самостојни истражувања.

## Можни наслови за проекти од областа: Цивилна одбрана и кризен менаџмент

- ЦЗ во светот
- ЦЗ кај нас - поставеност и улога
- Идентификација и меѓународен статус
- Постапки на граѓаните на знаците за тревога
- Активностите на ЦЗ
- Лична и колективна заштита на граѓаните
- Макета на засолниште
- Изработка на импровизирани средства за лична РХБ заштита
- Деконтаминација на (се определува точниот назив на медиумот.

**Препорака:**

Наставникот во договор со ученикот го утврдува насловот на проектот како и начинот, обемот и местото на работа

## 3.4. ОБЛАСТ: МАКЕДОНИЈА - МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА

## Теми и содржини

### МАКЕДОНИЈА -МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА И МИРОТ

- ООН , ОБСЕ, НАТО, ЕУ

### КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

**Преку истражувањето на теми од оваа област учениците треба:**

- да го познава развојот на ООН, целите, принципите, механизмите на делување и чување на мирот;
- да ја познава структурата на ООН;
- да знае зошто и кога заседава Советот за безбедност;
- да ги познава целите на ОБСЕ и механизмите на дејствување;

- да ја знае улогата на НАТО и неговата трансформација во колективен безбедносен систем во функција на зачувување на мирот и борба против тероризмот;
- да го знае местото, улогата и перспективите на РМ како претендент на членството во НАТО;
- Европската унија од идеја до реалност на Македонија на тој пат.

## АКТИВНОСТИ

Активностите се сведуваат кон што поголемо информирање и знаење на учениците за улогата на меѓународните институции во Македонија и пошироко за зачувување на мирот, стабилноста и развојот на регионот како и напредокот на економски план.
За таа цел се насочуваат учениците да ги следат секојдневните влијанија и информации во Републиката и пошироко, да користат штампа, литература, соработуваат со невладини и меѓународни институции како училиште и поединци, вклучувајќи се и придонесувајќи како граѓани на оваа држава.

## Можни наслови за проекти

- Мирот како универзална вредност
- Позитивен и негативен мир
- Мирот и безбедноста како национални вредности
- Локален тероризам
- Глобален тероризам
- Улогата на ООН во зачувување на мирот
- Структурата на ООН
- Улогата на Советот за безбедност
- Европска унија - од идеја до стварност
- ОБСЕ гарант за безбедност, НАТО - неговата улога, Европски мировни мисии
- Македонија кон евроинтегративните процеси.

**Препорака:**

Наставникот во договор со ученикот го утврдува насловот на темата за проектот како и начинот и обемот на работа.

## МОДЕЛ НА РАБОТИЛНИЦА ЗА НЕНАСИЛСТВО, КОМУНИКАЦИЈА, СОРАБОТКА И ТРАНСФОРМАЦИЈА И РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ (прилог бр.1)

**Напомена:** Во една од наставните години учениците можат да го изберат следниот модел на работилница, но за истата потребна е обука на наставникот: Истата ја работи професор Андонакис Такис во гимназијата Јосип Броз-Скопје, за кој е специјализиран.

## 4. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

Проектните активности се практикуваат во рамките на 70 часа годишно во форма на работилници кои можат да се реализираат кабинетски, по правило, во училиште и теренски како посети на институции и организации, локалната самоуправа и др. Тие се надвор од неделниот распоред на часовите а со заедничко планирање на времето и просторот на наставникот и ученикот. Главен носител на организирањето на проектната активност е училиштето кое за одредени стручниа помош може да побара Бирото за развој на образованието.

Наставникот е должен да постави стандарди за изработката на проектите (обем, начин на работа, рок на изработка, формат и слично) и на посебен лист да им ги издаде на сите ученици од групата.

Проектните групи се формираат според интересот, афинитетот и желбата на учениците, така да можат што посигурно да се определат за проектната активност која најмногу одговара на нивните едукативни потреби, а наставникот треба да ја објасни темата од која ќе се изработуваат можните проектни активности и да има улога на насочувач, проектменаџер, односно ментор. Наставникот и учениците можат сами да предлагаат нови теми и активности од истото подрачје, кои соодветствуваат на потребите и интересот на учениците. На овој начин се овозможува попрецизна ориентација при структурирањето на наставната тема кон интересирањата, желбите и потребите на учениците.

Термините за часовите се определуваат според динамика во училиштето, откако ќе се формираат групите.

За постигнувањето на целите на проектната активност по мир, толеранција **задолжително** е да се применуваат современи интерактивни методи, техники на работа како: ***самостојна работа на учениците, метода на работилница - вежби, истражувачка метода, симулација и играње на улоги, метода на самостојна, индивидуална или групна работа на проекти.: демонстративно-илустративни методи: постер-презентација,изложби,училишни весници, видео-филмови, ЦД-ром, дискета или резултатите да бидат поставени на интернет, кампањи итн. во соработка со други училишта, институции(владини и невладини) и експерти од различни области.***

Можат да се користат и комбинираат: фронтална, групна и тандем форма, индивидуална, директна и индиректна, но почесто треба да се практикува индивидуалната и групната каде се овозможува секој ученик да се упати кон самостојна работа во училиштето и надвор од него или групната форма дава можност за работа на заеднички проект и презентација на истиот. Групната форма има низа едукативни компоненти: потребата за

афирмација на групата ја зајакнува мотивацијата на поединецот, член на групата, истакнување на индивидуални способности, меѓусебна соработка, различен приод кон проблемите кои даваат неочекувани интересни резултати. Учениците поделени во групи особено во рамките на работилници вршат свои истражувања кои ги изразуваат на различни начини: тези, есеи, шема, цртеж и сл. Учениците од групите добиваат различни задачи да обработат определени подрачја или содржини од проектот кои подоцна ќе бидат презентирани во училиштето, на ниво на активи на проектни активности помеѓу други училишта и сл. Значи , се постигнува демократска организација и раководење, транспарентност на правилата за однесување и информациите на училишно ниво и ангажирање во локалната и поширока заедница.

Работата во парови - тандем е исто така препорачлива затоа што учениците кои седат заедно или се дружат можат да ги решаваат поставените проблеми околу проектот, а еден од нив да дава одговор.

**Улога на наставникот:** ***планира,*** подготовки (просторни, наставни средства, дидактичко-методски) поставува проблем, дава насоки, набљудува, помага, координира и надгледува работа на групи и поединци, презентира информации, демонстрира, следи, вреднува (својата и работата на учениците) и воспоставува позитивна педагошка комуникација со учениците и наставниците.

Тој ги води проектните групи и нивните проекти, одговорен е за органозацијата и начинот на кој постапува проектната група и мора да биде во состојба да ги препознае проблемите , за нив да се заинтересира и со своите соработници да се потруди да најде систематични и конструктивни решенија.

За сета работа води евиденција во дневникот на паралелката, која потоа ја запишува во ученичката документација.

**Некои карактеристики на наставникот - ментор**

Наставникот кој реализира проектна активност по Мир, тплеранција и заштита во гимназиското образование треба да поседува високи персонални, професионални и педагошки карактеристики: стручно компетентен во наставата, партнер и педагог во комуникацијата со учениците, подготвен со соодветни дидактички решенија за ситуациите во училницата и во училиштето, ментор, мотиватор, објективен оценувач на знаењата и вештините на ученикот и проценувач на објективните можности на ученикот, добронамерен партнер во емоционалните односи, воспитувач, позитивна личност.

Тој ги насочува и воведува учениците во истражувачка работа, им објаснува како се работи проект, што содржи еден проект, едноставно постапно ги следи и ги води на патот на нивно осамостојување.

***Активностите на ученикот:*** се интересира, поставува прашања, искажува мислења, нуди решенија, истражува, набљудува, открива, евидентира податоци, проверува, дискутира, усогласува мислења со другите, донесува ставови и во соработка со наставникот изработува проекти.

Тој води свое портфолио, кое го контролира наставникот.

Постигањата на учениците треба да биде резултат на наставникот и своите воспитаници и тоа како: добра комуникација, постојано и континуирано следење на

нивните напредувања и промени. Наставникот треба да овозможи: учениците да работат во пријатна и хумана атмосфера, притоа да се мотивирани, амбициозни, толерантни и чесни, со свое критичко размислување и ставови.

Наставникот сето тоа ке го постигне само ако е стручно компетентен во наставата, партнер со учениците, со соодветни дидактички решенија за ситуациите во училницата и на терен и проценувач на објективните можности на ученикот, партнер во емоционалните односи, воспитувач и позитивна личност.

Наставникот го следи својот ученик со неговите напредувања и на крајот на годината ученикот добива потврда дека реализирал активности од областа мир, тплеранција и заштита и тоа му се запишува во свидетелството.

## 5. СОРАБОТКА

Соработката се остварува на повеќе нивоа: помеѓу самите ученици и наставници, на ниво на цело училиште, со други училишта, со локалната и поширока заедница, со организации (владини и невладини) што се занимаваат со оваа проблематика.

**Проектните активности по мир, толеранција и заштита ги води професор по одбранбени и мировни студии (дефендолог).**

**Програмата ја изработи советник , Софка Коцева во соработка со професорите Такис Андонакис и Лилјана Трајкова**